З А П И С Н И К

Од 42-та редовна седница на Советот на општина Василево

Советот на општина Василево ја одржа 42-та редовна седница на ден 26.02.2021 година (Петок) со почеток во 12.00 часот во просториите на Домот на културата во Василево.

Седницата ја свика и ја водеше Крсте Панев претседател на Советот на општина Василево.

На седницата од оправдани причини не присуствуваа советниците: Виолета Ристова, Бранко Трајков и Христина Гошева

На седницата присуствуваа:Бранко Андонов, Славе Андонов, Блажо Стоилков, претставници од општинската аддминистрација во Василево и Васе Костадинов представник од ЈПКД „ Турија " Василево.

Пред да биде предложен дневниот ред за работа на 42-та седница на Советот на општина Василево беше отворена расправа по записникот од 41-та седница на Совет на општина Василево одржана на ден 29.01.2021 година, немаше пријавено за збор беше ставен на гласење од вкупно присутни 12 советници Советот на општина Василево го усвои со 12 гласа,, за,, „ против,, и „ воздржани,, нема.

За работа на 42- та седница на Совет на општина Василево беше предложен следниот дневен ред.

Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. Финансиски Извештај на ЈП,, Турија" до четврто тромесечие за 2020 година од 01.01.2020 до 31.12. 2020 година.
2. Предлог- Одлука за ослободување од плаќање надомест за утврдување на правен статус на песправни објекти.
3. Донесување на Одлука за донирање на средства на Здружение на граѓани ОБНОВА ГЛОБАЛ Струмица.
4. Предлог- Одлука за вршење отпис на застареани даноцни обврски по основ на комунална такса на обврзници на подрачјето на општина Василево
5. Интегриран план за локален развој за општина Василево(2021-2024).

По отворената расправа по дневниот ред за работа на 42- та седница на Совет на општина Василево за збор се јави Тони Малчев член на Советот на општина Василево предложи надополнување на дневниот ред уште со три точки:

Како 6 – та точка од дневниот ред да биде: Предлог- одлука за измена и дополнување на одлуката за одобрување на финансиски средства на црковен Одбор при црквата „ Успение на прос. Богородица од с. Нова Маала.

Како 7-ма точка од дневниот ред да биде: Барање за доделување на финансиски средства поднесено од лицето Михајлов Ацо од село Василево.

И како 8-ма точка од дневниот ред да биде: Барање за доделување на финансиски средства поднесено од Ристов Стојан од село Едрениково.

Немаше друг пријавено за збор првиот предлог на Тони Малчев како 6 – та точка од дневниот ред да биде: Предлог- одлука за измена и дополнување на одлуката за одобрување на финансиски средства на црковен Одбор при црквата „ Успение на прос. Богородица од с. Нова Маала, беше ставен на гласење од вкупно присутни 12 советници Советот на општина Василево го усвои со12 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

Вториот предлог на Тони Малчев како 7 – ма точка од дневниот ред да биде: Барање за доделување на финансиски средства поднесено од лицето Михајлов Ацо од село Василево, беше ставен на гласење од вкупно присутни 12 советници Советот на општина Василево го усвои со12 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

Третиот предлог на Тони Малчев како 8-ма точка од дневниот ред да биде: Барање за доделување на финансиски средства поднесено од Ристов Стојан од село Едрениково, беше ставен на гласење од вкупно присутни 12 советници Советот на општина Василево го усвои со12 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

Дневниот ред за работа на 42-та седница на Совет на општина Василево со усвоените три предлози на Тони Малчев да се надополни дневниот ред: како 6 – та точка од дневниот ред да биде: Предлог- одлука за измена и дополнување на одлуката за одобрување на финансиски средства на црковен Одбор при црквата „ Успение на прос. Богородица од с. Нова Маала.

како 7 – ма точка од дневниот ред да биде: Барање за доделување на финансиски средства поднесено од лицето Михајлов Ацо од село Василево,

И како 8-ма точка од дневниот ред да биде: Барање за доделување на финансиски средства поднесено од Ристов Стојан од село Едрениково, беше ставен на гласење од вкупно присутни 12 советници Советот на општина Василево го усвои со12 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

1.

По отворената расправа по првата точка од дневниот ред Финансиски Извештај на ЈП,, Турија‘‘ до четврто тромесечие за 2020 година од 01.01.2020 до 31.12. 2020 година. ;за збор се јави Атанас Ристов претседател на комисијата за финансии рече дека комисијата на седницата го разгледа извештајот од 5 присутни члена го усвои со 3 гласа,, за,, ,, против,, 2 и ,, воздржани,, нема
За збор се јави Сања Христова член на советот на општина Василево од името на советничката група на ВМРО – ДПМНЕ побара обрзложение за Извештајот на ЈП,, Турија‘ Василево‘ за четврто тромесечие за 2020 година. Рече дека трета година по ред ЈП,, Турија‘‘покажува добивка од работењето како да нема загуба а има сознанија дека вработените не можат плата да земат

Васе Костадинов претставник од ЈП,, Турија‘‘Василево рече дека освен Извештајот кој е даден пред советниците на освојување во текот на вчерашниот ден Управниот одбор ја усвои и Завршната сметка која се однесува за периодот од 01.01.2020 година до 31.12.2020.

Вкупните приходи изнесуват 20.202.622,оо фенари од кој приходи од услуги 19.762.450,оо денари, други приходи 440,172,оо денари. Вкупни расходи изнесуват 18.410.068,оо од кои материјални трошоци 5.768.844,оо денари, бруто плати 8.632.072,оо денари, амортизација 171.546,оо денари, останати трошкови 3.808.216,00 денари. Расходи по основ на камати и казни 29.390 денари што значи ЈП,, Турија‘ Василево работи со добивка од 1.792,554,оо денари. Приходите за разлика од мината година се зголемени за 2.000.000 денари поголемиот износ на приходите е зголемен како резултат на донесената одлука од страна на советот на општина Василево за шесте села што ги задолжи секое домаќинство да има комунален отпад.

Рече дека вработените веќе ја имаат земано плата и за Јанар месец праша од каде е таа информација дека вработените немат земено плата.

Сања Христова рече дека добро кажа петставникот од ЈП,, Турија‘‘дека со Донесување на одлука од Советот се зголемени приходите праша како ЈП,, Турија‘‘ им возвраќа на граганите конкретно го спомна нејзиното населено место село Градашорци цел месец водата за пиење беше матна општината не се залага да допринесе да ги обезбеди граѓаните да ги снабди со цистерни тие сами се снабдува со купена вода за време пандемија а ЈП,, Турија‘‘ е обврзана да води сметка за здравјето на граганите.

Васе Костадинов претставник од ЈП,, Турија‘‘Василево рече дека околу загадувањето на водата од нивна страна беше дадено сопштение до медиумите и кризниот штаб дека водата за пиење не е исправна, посебно беа повикани од Центарот за анализи за јавно здравје да ја испитат водата бидејќи водата беше поматена од браната за тоа беа ангажирани вработени од ЈП,, Турија‘‘се чистеа резерварите се што требаше беше интервенирано од нивна страна беа известени граганите дека водата не е за употреба.

Крсте Панев претседател на Советот на општина Василево рече дека поради поројните дождови водата беше заматена за тоа ЈК интервенираше во најбрз временски рок колку што беше во можност.

Сања Христова Поради тоа што граганите не користеа еден месец вода за пиење треба да бидат ослободени да не плакќат вода за тој месец да се предложи до директорот на ЈКП да се преговара да бидат ослободени граганите од плаќање.

По затворената расправа првата точка од дневниот ред Финансиски Извештај на ЈП,, Турија‘‘ до четврто тромесечие за 2020 година од 01.01.2020 до 31.12. 2020 година. беше ставен на гласење од вкупно присутни 12 советници Советот на општина Василево ја усвои со8 гласа,, за,, ,, против,, 4 и ,, и воздржани,, нема.

По отворената расправа по втората точка од дневниот ред: Предлог- Одлука за ослободување од плаќање надомест за утврдување на правен статус на бесправни објекти, за збор се јави Крсте Панев претседател на комисијата за урбанизам комунални работи и заштита на животната средина рече дека комисијата на седницата ја разгледа од 5 присутни члена ја усвои со 3 гласа,, за,, ,, против,, 2 и ,, воздржани,, нема.

Немаше друг пријавено за збор втората точка од дневниот ред: Предлог- Одлука за ослободување од плаќање надомест за утврдување на правен статус на бесправни објекти, беше ставен на

гласење од вкупно присутни 12 советници Советот на општина Василево ја усвои со9 гласа,, за,, ,, против,, 3 и ,, и воздржани,, нема.

3.

По отворената расправа по третата точка од дневниот ред: Донесување на Одлука за донирање на средства на Здружение на граѓани ОБНОВА ГЛОБАЛ Струмица за збор се јави Марјан Трајков член на Советот на општина Василево праша дали се запознаени советниците дека треба да се донират средства за помош на газди што имат по пет продавници кој што издават под кирија и земат приходи по 1000 евра месечно, според него општината нема можности да доделува 60.000 денари за да ги реновират нивните дуќани а има цркви, Џамии, болни и опожарени кој се молат за помош на кој им се доделуват 10.000 денари. Рече дека тој лично е против доделување на средства од 60.000 денари за здружението и обнова на Глобал Струмица.
Сања Стојанова рече дека го подржува мислењето на советникот Марјан Трајков општината е блокирана едвај сврзува крај со крај не платена струја телефони праша од каде ќе донират средства од 60.000 денари на фирмата Глобал.
Крсте Панев претсдател на Советот на општина Василево рече дека на седницата на комисијата за финансирање, Буџет и локален економски развој лично и самите тие присуствуваа на комисијата кога беше предложена сумата по Барањето не дадоа никаков коментар ниту мислење а сега критикуват. Должност на општината е да го прима и да биде разгледано на седница на Совет секое барање што ке биде поднесено во општина Василево. Барањето е поднесено од Владата без разлика дали некој сака или нејќе да донира средства за тоа одлучува Советот на општина Василево.
Атанас Ристов претседател на Комисијата за финансирање буџет и локален економски развој рече дека комисијата на седницата го разгледа барањето, беше предложен предлог да се доделат средства во износ од 60,000 денари од 5 присутни члена комисијата го усвои со 3 гласа,, за,, ,, против,, 2 и ,, и воздржани,, нема.

Блажо Коцев член на Советот на Општина Василево рече доколку се доделат тие средства нема да бидат само за газди на дуканите таму има и кирајии кој што егзестират од тоа имат огромни загуби со доказ документација по фактури според него средствата од 60.000 денари не се многу тоа е предлог од владата да може да им се помогне на оштетените.

Марјан Трајков смета доколку се доделат тие средства нема да стигнат до тие луге што се стварно оштетени, затоа треба секој да си го осигури дуканот доколку дојде до пожар да биде обештетен од осигурителните компании.

Немаше друг пријавено за збор предлогот од комисијата да се доделат средства во износ од 60.000 денари за донирање на Здружение на граѓани ОБНОВА ГЛОБАЛ Струмица, беше ставен на гласење од вкупно присутни 12 советници Советот на општина Василево ја усвои со7 гласа,, за,, ,, против,, 4 и ,, и воздржани,, 1.

Третата точка од дневниот ред: Донесување на Одлука за донирање на средства на Здружение на граѓани ОБНОВА ГЛОБАЛ Струмица со усвоениот предлог да се доделат средства во износ од 60.000 денари, беше ставен на гласење од вкупно присутни 12 советници Советот на општина Василево ја усвои со7 гласа,, за,, ,, против,, 4 и ,, и воздржани,, 1.

4.

По отворената расправа по 4 та точка: Предлог- Одлука за вршење отпис на застареани даноцни обврски по основ на комунална такса на обврзници на подрачјето на општина Василево за збор се јави Атанас Ристов претседател на Комисијата за финансирање буџет и локален економски развој рече дека комисијата на седницата го разгледа барањето, од 5 присутни члена комисијата го усвои со 3 гласа,, за,, ,, против,, 2 и ,, и воздржани,, нема.

Сања Христова побара Образложение

Блажо Стоилков педставник од општинската аддминистрација од оделението за наплата на даноци даде образложение рече дека ова Одлука е направена за бришење на долговите на фирмите кои се избршени од централниот регистер како не посточ;ки што претставуват терет во однос на анализата кој ја проверија и доставија до одредени институции се работи за поголема сума на побарување која не е соодветна и процентот на наплата пага така да пред институциите се представуват како неликвидни.

Марјан Трајков Рече дека тие фирми немат плакано повеке години упати критика до дано;но одделение тоа се ногу средства апелира во наредниот период Општината навремено да ги пребира тие средства.

Немаше друг пријавено за збор Предлог- Одлука за вршење отпис на застареани даноцни обврски по основ на комунална такса на обврзници на подрачјето на општина Василево беше ставена на гласење од вкупно присутни 12 советници Советот на општина Василево ја усвои со8 гласа,, за,, ,, против,, 4 и ,, и воздржани,, нема.

5.

Комисијата за финансирање, Буџет и локален економски развој на седницата ја разгледа точка: Интегриран план за локален развој за општина Василево(2021-2024). од 5 присутни члена комисијата ја усвои со 5гласа,, за,, ,, против,, и ,, и воздржани,, нема.

Немаше друг пријавено за збор петата точка: Интегриран план за локален развој за општина Василево(2021-2024).беше ставен на гласење од вкупно присутни 12 советници Советот на општина Василево ја усвои со12 гласа,, за,, ,, против,,и ,, воздржани,, нема.

6.

По отворената расправа по шестата та точка од дневниот ред: Предлог- одлука за измена и дополнување на одлуката за одобрување на финансиски средства на црковен Одбор при црквата „ Успение на прос. Богородица од с. Нова Маала, за збор се јави Крсте Панев претседател на Советотна општина Василево рече дека овие средства беа доделени на предходната седница

бидејќи имаше проблем со сметката не можеа да се исплатат сега ке се исплатат на сметка на црквата.

Предлог- одлука за измена и дополнување на одлуката за одобрување на финансиски средства на црковен Одбор при црквата „ Успение на прос. Богородица од с. Нова Маала. средствата од 25.000 да бидат исплатени на сметка на црквата„ Успение на прос. Богородица од с. Нова Маала беше ставен на гласење од вкупно присутни 12 советници Советот на општина Василево ја усвои со12 гласа,, за,, ,, против,,и ,, воздржани,, нема.

7.

По отворената расправа по седмата та точка од дневниот ред: Барање за доделување на финансиски средства поднесено од лицето Михајлов Ацо од село Василево, за збор се јави Атанас Ристов член на Советот на општина Василево предложи да се доделат средства во износ 8000 денара.

Марјан Трајков смета дека не се доволни тие средства се работи за опожарена кука негов предлог е да се доделат 20.000 денара.

Крсте Панев претседател на Советот на општина Василево рече дека тој лично има присуствувано на лице место се работи за сиромашно семејство кое нема услови за живеење има изгорено кревет и шпорет скромно бара човекот да му се помогне, апелира до советниците доколку има некој половни кревет или шпоред да им се помогне според него смета дека се доволни тие средства од 8000 денара.

Предлогот на Атанас Ристов да се доделат средства во износ 8000 денара. беше ставен на гласење од вкупно присутни 12 советници Советот гласаше,, за,,6 ,, против,,и ,, воздржани,, нема. Советот на општина Василево не го усвои предлогот.

Предлогот на Марјан Трајков да се доделат средства во износ 20.000 денара беше ставен на гласење од вкупно присутни 12 советници гласаа,, 6 гласа ,, за,, против,, и ,, воздржани,, нема. Советот на општина Василево не го усвои ни вториот предлогот.по Барање за доделување на финансиски средства поднесено од лицето Михајлов Ацо од село Василево.

8

. По отворената расправа по осмата та точка од дневниот ред: Барање за доделување на финансиски средства поднесено од Ристов Стојан од село Едрениково, за збор се јави Атанас Ристов член на Советот на општина Василево предложи да се доделат средства во износ од 20,000 денара. Немаше друг пријавено за збор предлогот на Атанас Ристов да се доделат средства во износ од 20,000 денара. беше ставен на гласење од вкупно присутни 12 советници Советот на општина Василево го усвои со12 гласа,, за,, ,, против,,и ,, воздржани,, нема.

Осмата точка: Барање за доделување на финансиски средства поднесено од Ристов Стојан од село Едрениково)со усвоениот предлог да се доделат средства во износ од 20,000 денари,беше ставен на гласење од вкупно присутни 12 советници Советот на општина Василево ја усвои со12 гласа,, за,, ,, против,,и ,, воздржани,, нема.

По исцрпениот дневен ред претседателот на Советот на општина Василево Крсте Панев ја затвори 42- та седница на Советот на општина Василево.

Записничар:
Зора Коларова

Совет на општина Василево
Претседател
Крсте Панев